УНИВЕРЗИТЕТ “СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО – ОХРИД

# ПРИМЕНА НА ФАС МЕТОДОТ ВО ФУНКЦИЈА НА ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА КОСОВО

// авторезиме на докторска дисертација //

**Кандидат:**
**Петрит Хасанај**
**Индекс бр.11**

**Ментор:**
**Проф.д-р Симона Мартиноска**

Охрид, 2017 година

Карактеристика на современиот свет е масовниот туризам, во кој е вклучен огромен број на субјекти (организатори, патници, институционализирани даватели на туристички услуги, рецептивно население и друго) и кој веќе стана една од основните елементи на модерното време.

Значењето на туризмот како извор на добивка и вработување и како главен фактор на билансите на плаќање на многу земји, привлекува големо внимание. Влади, приватни сектори, регионални и локални авторитети и други субјекти кои се вклучени во меѓународната трговија и економскиот развој, ја признаваат улогата што му се придава на туризмот.

Туризмот е детерминиран како широк услужен сектор со голем опсег на едноставни и комлексни добра и услуги кои го поддржуваат. Туризмот се трансформира во главен сектор на економијата преку генерирање на финансиски приходи и креирање на нови работни места.

Од туризмот се очекува и развој на економијата на земјата, тој придонесува за зголемување на националниот доход, вработувања, го намалува трговскиот дефицит, го зајакнува економскиот развој на периферните региони на земјата, го интензивира работењето на претпријатијата кои произведуваат производи и услуги наменетеза задоволување на туристичките потреби на директен или индиректен начин.

Богатството на природни ресурси и традиции кои постојат во светот претставува еден од главните мотиви за патување на туристите, кои сакаат да се запознаат со неоткриени места и нови култури и да искусат нови работи од областа на културата, уметноста, занаетчиството, секојдневниот живот и традиционалната кујна.

Поттикнувањето на свесен начин на доживување на природното и културно наследство за туристички цели значи создавање на нови работни места, намалување на сиромаштијата, спречување на миграцијата на руралното население, како и искажување на чувство на гордост кај локалното население и кај самите туристи.

Во однос на значењето на поимот туризам, треба да се напомене дека постојат разни термини кои го определуваат, како на пример: туристичка трговија (tourist trade), туристичка индустрија (tourist industry), туризам и патување (tourism and travel), патничка индустрија (travel industry), туристички сектор, туристичко стопанство итн.

Многу автори сметаат дека поради својата комплексна природа, овој поим создава потешкотии при неговото дефинирање. Неговиот развој го условува да биде

користен во врска со различни активности, да биде присутен во скоро сите земји во светот, одомаќен кај народите, во нивните јазици и може да се сретне скоро во сите речници. Во контекст на оваа констатација, туризмот претставува патување заради одмор, забава, лекување и разгледување на знаменитости.

Границите на туристичката индустрија се речиси недефинирани, а тоа со себе носи нови влијанија, нови сегменти и нови активности со широк опсег на производи и услуги кои прикажуваат мал степен на хомогеност и користат нови технологии во производствениот процес.

Можеби не постои друг економски сектор со таква диверзификација на економски активности, па поради тоа, во последните десеттина години туризмот постанал многу динамичен систем со флексибилна структура, променливи потрошувачки однесувања и силни влијанија, особено врз развојот на транспортната индустрија и технологија.

Имајќи ја предвид динамиката на развој на општеството, и туризмот се развивал паралелно со тоа, особено за време на XX-от век како резултат на брзиот развој на економијата, движењето на луѓето, политиката, уметноста, образованието, науката и спортот и слично.

Ова е посебна карактеристика на средината на минатиот век каде се почувствува вистинска експанзија на туристичкото движење. Имено, во 1950 година низ светот патувале 25 милиони туристи, во 2000 година имало 700 милиони туристи, а во 2015 година тој број изнесувал 1.2 милијарди, со предвидување дека до 2020 година тој број ќе достигне 1.6 милијарди.

Управувањето со туристичките дестинации, односно искористувањето на туристичките потенцијали на една земја за развој на туризмот и на националната економија воопшто има потреба од аналитички алатки и политики како делови од програмите за развој. Токму разбирањето на структуралните елементи и динамичните процеси се многу важен фактор во развојот на една туристичка дестинација.

Во овој труд се објаснува моделот за оценување на потенцијалите на туристичката дестинација составен од три елементи: фактори (ресурси), атрактори (туристичка понуда) и услужни системи (или системи за подржување). Овој модел е познат како "FAS model" (од англиските зборови "F-factors, A-attractors, S-support systems"). Овој модел го анализира и го оптимизира однесувањето на инволвираните страни во туристичката дестинација, како внатрешните, така и надворешните, како начин на разбирање на динамиката на таа туристичка дестинација.

ФАС методологијата може да се примени како алатка која придонесува во стратегиското позиционирање на туристичката дестинација и во постигнувањето на поголема конкурентност и одржливост со што се придонесува кон развојот на туризмот. Овој модел е создаден во контекст на истражувањето направено од страна на европската Еурека како проект тестиран и спроведен во неколку туристички дестинации.

Во претходните две децении, многу истражувачи, експерти и практичари ги забележале овие недостатоци и предложиле методолошки насоки и препораки кои се однесуваат на дефинирањето и анализирањето на туристичките дестинации и истовремено и на поставувањето на ефикасно управување. Како резултат на тоа се појавил ФАС моделот.

Овој модел создава структура со која се анализираат, класифицираат и мерат компонентите на туристичките дестинации или кластери. Тие структурни компоненти се групираат во сетови и потсетови со кои се прикажуваат компаративните предности на одредена туристичка дестинација. На оваа основа, туристичките дестинации може да се класифицираат во релативно хомогени категории.

Од друга страна, конкуренцијата која постои кај тие дестинации е релативно силна затоа што туристите имаат релативно слични очекувања, барања, потреби и желби. Меѓутоа, најважното прашање овде се однесува на фактот: како компаративните предности на дестинацијата може да се искористат за вистинска меѓусебна конкуренција.

ФАС моделот се користи како методологија и рамка во огромен број на проекти уште од нивната првична примена во 2002 година и како таков модел се покажал многу корисен во три области на туристичката политика:

1. Креирање на аналитичка рамка и политика од страна на најмалку една инволвирана страна во туристичката дестинација или кластер,
2. Прифаќање на одредено стратегиско позиционирање,
3. Помагање во создавањето на партиципаторно владеење и управување со туристичката дестинација.

**Основна цел** на овој труд е да се анализираат причинско-последичните врски помеѓу спроведувањето на ФАС моделот и идентификувањето на туристичките потенцијали на дестинациите, со посебен осврт на Република Косово. Целта на овој труд

е да се прикаже и значајноста на овој модел или методологија во позиционирањето на одредена туристичка дестинација на меѓународниот туристички пазар.

Овој модел ќе помогне во изнаоѓањето на повеќе решенија за проблемите со кои се соочуваат туристичките дестинации, а кога станува збор за Косово како туристичка дестинација, ФАС моделот треба да се искористи во насока на преземање на соодветни мерки за подигнување на нивото на конкурентност во однос на другите соседни земји-дестинации.

**Предмет на истражување** на докторската дисертација се структурата и елементите на ФАС моделот со кој ќе се утврдат факторите (ресурсите), атракторите (туристичката понуда) и подршка на услуги на Косово како туристичка дестинација. Овој модел може да помогне во анализирањето на однесувањето на учесниците во туристичката дестинација и во разбирањето на динамиката на развој на туристичката дестинација.

Целта и предметот на истражување имаат своја **просторна и временска рамка**. Просторната рамка ја определува границата на истражување, а во овој случај се ограничуваме на територијата на Република Косово која е поделена на пет туристички региони, додека временската рамка во која се врши прикажување на статистичките податоци за состојбите со туризмот на Косово се однесува на временскиот период од 2010-2015 година, додека теренското истражување е спроведено во 2016 година.

Реализацијата на целите кои се поставени при истражувањето на ова тема се базира на **комбинацијата на одредени методи**, а најчесто ќе се водиме од индуктивната метода (истражување на посебното спрема општото, каде се добиваат заклучоци според постојните факти и премиси, а со цел верифицирање на податоците и операционализација на концептите) и дедуктивната метода (истражување на општото спрема посебното).

Во истражувањето се користи и квантитативната метода, затоа што податоците кои се собрани се поструктурирани, истражувањето вклучува повеќе испитаници во споредба со квалитативната метода, како и поради фактот дека податоците може полесно да се реплицираат и да се споредат директно со другите податоци.

При разработката на ова тема се користат примарни и секундарни податоци, односно официјални податоци изнесени во сите видови документи и ќе се анализираат најрелевантните податоци и информации за потврда на реалните слики за состојбите во наведениот систем на односи. Врз основа на тие податоци ќе се обидеме да конструираме и соодветни заклучоци.

За појавите за кои нема официјални податоци и информации, а кои се важни за согледување на состојбите и тенденциите во областа на туризмот, ќе бидат дополнително квалитативно разработени.Истражувањето на трудот најмногу се темели на **кабинетскиот пристап (desk research)**, додека одредени **теренски истражувања (field research)** се реализирани и со помош на интернетот како медиум што во себе содржи голем број на податоци.

За реализација на ова истражување и поради добивање на точни резултати се користи **онлајн прашалник**, составен од 21 прашање (структурирани прашања кои се затворени и за тие прашања испитаниците треба да дадат одговор со одбирање на однапред дадени одговори), неколку прашања се од типот на листи (се одбира било кој одговор), други прашања се категоризирани (се селектира само еден даден одговор, да или не), како и прашања со рангирање.

**Примерокот на ова истражување** е во согласност со предметот што се истражува, а во зависност од располагањето со податоци. Популацијата која е предмет во ова истражување се хотелските капацитети (хотели, мотели и автокампови), туристичките агенции, општините, државните органи и туристичките друштва или асоцијации, вкупно за цело Косово, односно по туристички региони). Засекој туристички регионанкетирани се вкупно 80% од вкупниотпримерок.

Истражувањето е спроведено со помош на доставување на онлајн прашалник до менаџерите на хотелите, мотелите, туристичките агенции, раководните лица од областа на туризмот во општините, државните органи и кај здруженијата за туризам. Како начин на прикажување на податоците се користи дескриптивната обработка на податоците (бројки, проценти, табели и графички прикази на тие податоци).

Во ова истражување се користи **случаен стратифициран (пробабилистички) примерок**. Стратифицираниот примерок се искористи поради потребата од зголемување на прецизноста на истражувањето, а тоа се постигна преку стратификација на популацијата на делови (стратуми). Како критериуми за поделба на предметната популација се користат географските региони на државата (туристичките региони на Косово).

Според тоа, во истражувањето е опфатен вкупен примерок од 573 субјекти, од кои 293 се хотели, 237 се туристички агенции, 38 општини, 4 туристички здруженија и асоцијации и 1 сектор за туризам во рамки на надлежното министерство на државата. Овој примерок е поделен според туристичките региони на Косово. Истражувањето е направено од 01.06.2016 до 31.08.2016 година. За определувањето на примерокот за секој

туристички регион посебно се користи математичката формула за случаен стратифициран примерок.

Во истражувањето тргнуваме од поставувањето на следната **општа хипотеза**:

1. Примената на ФАС методот придонесува во идентификувањето на туристичките потенцијали на Косово.

Како **посебни хипотези** во истражувањето во докторската дисертација ќе се користат следните:

1.1. Во туристичките дестинации каде се користи ФАС моделот за идентификување на туристичките потенцијали, постои поголема можност за пристап до меѓународните туристички пазари,

1.2. Примената на ФАС методологијата во насока на развојот на туристичката дестинација обезбедува подобри услови за живеење на локалното население,

1.3. ФАС моделот ги открива потребите, барањата и желбите на туристите, односно помага во задоволувањето на перцепциите и очекувањата на тие туристи,

1.4. Примената на ФАС методологијата е значајна во процесот на креирање на стратегија за развој на туризмот на Косово како посебна туристичка дестинација.

Во истражувањето на овој труд се идентификувани 17 природни фактори, 12 човечки фактори, 13 финансиски фактори, 11 природни атрактори, 16 културни атрактори, 11 човечки атрактори, 9 системи за подржување (угостителство), 7 системи за превоз, 8 помошни услуги како систем за поддржување.

Од спроведеното истражување се очекува да се идентификуваат трите елементи на ФАС моделот за Косово како туристичка дестинација: факторите, атракторите и подршката на услуги за петте туристички региони на оваа земја (туристичкиот регион на Приштина, Клетите Планини, Шар Планина, Митровица и Анаморава). Идентификувањето на елементите според оваа методологија ќе овозможи да се откријат

туристичките потенцијали на Косово и на тој начин да се дознаат вистинските можности, но и предизвици за развој на туризмот на оваа земја.

Овој труд е составен од четири делови. **Првиот дел** “Теоретско-методолошки пристап во истражувањето“ го објаснува предметот и целта на истражување на овој труд, методите кои се користени во истражувањето и методолошкиот пристап на проучување. Составен елемент на овој дел претставува прикажувањето на основната и помошната или помошните хипотези, кои во текот на трудот и на крај треба да се потврдат или отфрлат. Овој дел исто така содржи и презентација на очекуваните резултати.

**Вториот дел** “Туристички дестинации и примена на ФАС моделот“ всушност претставува основна рамка за понатамошна анализа на сите други елементи на овој труд. Овој дел се состои од три поглавија. Во првото поглавие се наведени основните аспекти на туризмот (поим и карактеристики на туризмот, дефинирање на поимот турист, дефинирање на туристичкиот систем, како и позначајните видови на туризам).

Второто поглавие со наслов “Туристички дестинации“ се однесува на дефинирањето и објаснувањето на основните карактеристики на туристичките дестинации според повеќе автори и научници, понатаму се објаснуваат елементите на туристичките дестинации, факторите за развој и кои се најзначајните видови на туристички дестинации. Сметаме дека е важно да се спомнат туристичките дестинации и видови, од причина што врз основа на таквата поделба ќе можеме полесно да ги идентификуваме туристичките потенцијали на една земја-дестинација.

Третото поглавие се однесува на ФАС моделот на туристичките дестинации, со посебен осврт на потеклото на овој модел, структурата на моделот (факторите, атракторите и подршка на услуги) и на примената на ФАС моделот кај туристичките дестинации.

**Третиот дел** “Развојот на туризмот на Косово како туристичка дестинација“ има за цел да го прикаже развојот на туризмот на Косово и се состои од три поглавија. Во првото поглавие се прикажува краткиот историски преглед на развојот на туризмот на Косово во три фази: туристичките движења до 1990 година, туризмот во периодот од 1991-2000 година и развојот на туризмот на Косово во новиот век, со осврт на анализирањето на бројот на туристи и остварени ноќевања, странските туристи кои најмногу го посетуваат Косово како туристичка дестинација и други показатели за развојот на туризмот во ова земја.

Второто поглавие има за цел да го прикаже Косово како атрактивна туристичка дестинација, затоа што оваа земја има природни ресурси кои се сметаат како потенцијал

за развој на туризмот (геоморфолошки, климатски, хидрографски и биогеографски ресурси за развој на туризмот), а од друга страна Косово е богато и од аспект на културно-историските ресурси (материјално и нематеријално културно наследство и посебни настани од културна и историска важност).

Третото поглавие се однесува на Косово како туристичка дестинација која се состои од неколку туристички региони: туристичкиот регион на Приштина, туристичкиот регион на Клетите Планини, туристичкиот регион на Шар Планина, туристичкиот регион на Митровица, туристичкиот регион на Анаморава.

**Четвртиот дел** "Примена на ФАС моделот во функција на идентификување на туристичките потенцијали на Косово" е резултат на синтезата на трите претходни делови и се однесува токму на идентификување на туристичките потенцијали според тој модел, а кое произлегува од резултатите од спроведеното истражување. Овој дел се состои од три точки, во првата станува збор за идентификување на факторите по туристички региони, втората точка ги прикажува и објаснува атракторите по туристичките региони и третата точка се однесува на подршката на услуги по туристички региони на Косово.

На крајот од трудот ќе бидат изнесени **заклучните согледувања** од спроведеното истражување, со примена на ФАС моделот преку кој ќе се идентификуваат проблемите и недостатоците кои се присутни на Косово како туристичка дестинација, но исто така и потенцијалите за развој на туризмот во ова земја.

Врз основа на истражувањето кое се спроведе на терен со помош на прашалникот доставен до хотелските капацитети (хотели, мотели и автокампови), туристичките агенции, општините, државните органи и туристичките друштва или асоцијации на Косово, по туристички региони, доаѓаме до одредени заклучоци:

→ Туристичкиот регион на Приштина, во однос на природните фактори, се карактеризира со ограничени природни ресурси потребни за развој на туризмот, особено од аспект на водените ресурси и заштитата на природната средина. Состојбата со човечките фактори е релативно добра во овој туристички регион, меѓутоа постојат одредени проблеми (мали инвестиции во вработувањата во туризмот, несоодветни услови за работа, обуките и квалификациите во туризмот се недоволни.

Од друга страна, во овој туристички регион постојат човечки потенцијали за развој на туризмот (туристичките претпријатија имаат вработени способни

менаџери и работници, сите се согласуваат за значајноста на туризмот врз развојот на целокупната економија, а тие вработени се однесуваат според стандардите за етика).

Во туристичкиот регион на Приштина, финансиските фактори не се на соодветно ниво затоа што има недоволен приватен капитал, незначителни странски инвестиции, потешкотии во добивањето на кредити од страна на банките, соработката со сите финансиски институции (домашни и странски) е многу мала. Тоа што се смета за можност и потенцијал за развој на туризмот е меѓународниот аеродром во Приштина, кој е единствениот во Косово, а се смета за многу значаен фактор за поврзување на земјата со останатиот дел од светот.

Состојбата со природните атрактори во туристичкиот регион на Приштина се карактеризира со недостаток на привлечни елементи на просторот (на пример, плажи, комплементарните објекти и рекреативните активности во овој регион), но може да се спомне дека овој регион има одредени потенцијали за организирање на туристички тури за посета на одредени места и атрактивности).

Во однос на културните атрактори, состојбата е на најниско ниво затоа што постојат повеќе проблеми од областа на археологијата, архитектурата, музеите, фестивалите и нематеријалното културно богатство, конференциите од домашен и меѓународен карактер, саеми и слично. Од друга страна, овој туристички регион е многу познат по традиционалната кујна, гостопримството, фолклорот.

Човечките атрактори во овој туристички регион се на незадоволително ниво затоа што сите туристички субјекти кои се вклучени во туризмот во овој регион немаат сопствени туристички аранжмани, нема забавни паркови, многу ретко се случуваат уметнички настани кои може да се искористат за привлекување на туристи. Но, вреди да се спомне дека Приштина како регион е многу познат по трговските центри на ниво на целата земја, таму се организираат многу концерти, а сето тоа поради поголемите можности за купување.

Состојбата со угостителството во овој регион е поинаква, постојат сите видови на угостителски објекти за сместување и исхрана, односно целокупната угостителска инфраструкура е многу развиена и тоа претставува значителна предност во однос на другите туристички региони на Косово.

Превозот како начин на поддржување на туризмот се соочува со проблеми: нема железнички сообраќај, градскиот и меѓоградскиот превоз е во хаотична состојба,

а единствена можност во областа на превозот е меѓународниот аеродрим во Приштина.

Во делот на помошните услуги, туристичкиот регион на Приштина се карактеризира со недостаток на туристички водичи, информативни центри, здравствени центри за туристите, а како позитивен аспект се смета високото ниво на безбедност кое се нуди на гостите кои престојуваат во земјата.

→ Туристичкиот регион на Клетите Планини, во однос на природните фактори се разликува од претходниот регион, затоа што изобилува со поголеми природни ресурси како што се водените ресурси, парковите на природата, поволните климатски услови за развој на повеќе видови на туризам, но сепак како проблем се појавува заштитата на животната средина и недостатокот на туристички активности.

Во овој туристички регион нема доволен број на вработени во секторот туризам и угостителство, а условите за работа на туристичките работници не се на соодветно ниво, сепак постојат одредени потенцијали за развој во смисла на човечки ресурси или човечки капитал (постојат способни менаџери и работници, програми за обуки во областа на туризмот и угостителствот и слично).

Состојбата со финансиските фактори во овој регион не е на задоволително ниво затоа што нема доволен капитал, постојат проблеми во областа на банкарските кредити, нема доволна и силна соработка со различните видови на финансиски институции или организации, иако има одредени иницијативи за привлекување на домашен и/или странски капитал.

Од истражувањето заклучуваме дека состојбата со природните атрактори во овој туристички регион е одлична затоа што целиот регион има планински карактер (планини, шуми, реки и езера), во овој регион дејствуваат повеќе субјекти кои нудат услуги за сместување и рекреација, особено за време на зимската сезона. Сепак, треба да се спомене дека постојат одредени проблеми кај организирањето на туристичките тури во овој регион и немање на активности за време на летната сезона.

Во однос на културните фактори во туристичкиот регион на Клетите Планини, треба да се каже дека состојбата е оценета како одлична, но и во овој регион се јавуваат проблеми во областа на културното и историското наследство (фестивали, галерии, музеи, локалитети и слично). Меѓутоа, овој регион се

истакнува по своите обичаи, начинот на живеење, фолклорот, народната кујна и друго.

Во туристичкиот регион на Клетите Планини нема забавни паркови, не се организираат настани надвор во природата, нема трговски центри и културниот аспект на живеење не е на соодветно посакувано ниво. Во овој туристички регион нема доволно угостителски капацитети за сместување на гостите, но постојните хотели или слични капацитети се во добра состојба, а ресторантското послужување и ресторантските капацитети се во доволен број и нудат одлична храна и услуга.

Треба да се истакне дека во овој регион нема аеродром или развиена железница, нема доволен број на туристички водичи и инфо-центри, но позитивна страна во овој регион е меѓуградскиот превоз.

→ Туристичкиот регион на Шар Планина, во однос на состојбата со природните фактори, е помалку развиен регион во однос на претходниот регион, но како потенцијали се сметаат природните фактори и резервати, како и ендемската флора и фауна, а сепак проблем е заштитата на природната средина.

Треба да се истакне дека состојбата со човечките фактори не е на вистинскот ниво, условите за работа во туризмот не ги исполнуваат стандардите, а вистински проблем е немањето или недостатокот на образовани кадри од областа на туризмот и угостителството. Состојбата со финансиските фактори се оценува со најниска оценка затоа што нема доволен капитал, недостаток на домашни и/или странски инвестиции, капацитетите за привлекување на капитал се доста мали и слично.

Природните атрактори во овој туристички регион се разновидни и се оценуваат со највисока оценка, а позитивна страна во искористувањето на овие елементи се пополнува и со поголемиот број на сместувачки капацитети и разновидните рекреативни активности, посебно во зима. Овој регион е познат по своето културно и историско наследство, но постојат вистински проблеми во областа на занаетчиството, музеите, архитектурата, а силна страна е традиционалната кујна и нематеријалното културно богатство.

Како во претходниот туристички регион, и во овој регион недостасуваат забавните паркови и трговски центри, нема организирани настани кои би привлекле домашни и странски туристи. Од друга страна, постојат повеќе видови

на угостителски капацитети за сместување и исхрана, но според истражувањата се забележа дека таквата состојба може да се оцени со средна оценка.

Туристичкиот регион на Шар Планина не е развиен од аспект на превозот (нема развиена железница, нема аеродром, автобускио превоз се одвива со потешкотии). Во овој регион нема доволно кадри од обласа на туристичкото водење и/или придружување, нема прва помош во хотелите, додека безбедносната состојба се оценува со највисока оценка.

→ Туристичкиот регион на Митровица, во однос на природните фактори, се наоѓа во неповолна состојба во однос на другите региони, но како потенцијал за развој на туризмот се климатските услови, чистата и природна вода. Состојбата со човечките резурси не е на посакуваното ниво затоа што има проблеми во вработувањата, нема обуки од обласа на туризмот и угостителството, недоволен и професионален кадар, но во овој регион, според истражувањето направено на терен, се забележува дека на туризмот и угостителството му се дава големо значење.

Состојбата со финансиските фактори во овој регион е многу лоша (економска и политичка криза и етничка поделеност), но сепак постојат одредени можности за пристап до финансиски капитал.

Во однос на природните атрактори, овој регион не е толку атрактивен, односно не содржи природни атракции кои би помогнале во развојот на одредени видови на туризам. Во овој регион има значителни и повидливи проблеми во обласа на културните атрактори, како и во сите претходни региони. Традиционалната храна и гостопримството се силна страна на населението кое живее во овој регион.

Човечките ресурси за развој на туризмот во овој регион се речиси невидливи или непостоечки, со огромни проблеми, но во обласа на угостителството се дава квалитетна и професионална услуга, како во сместувањето, така и во исхраната.

Автобускиот превоз е поразвиен во однос на железничкиот, а од друга страна постои сериозен недостаток на помошни услуги како што се услугите на туристичките водичи, здравствена заштита на туристите, а во спредба со другите региони, состојбата со безбедноста е на проблематично ниво поради веќе познатите политички проблеми во тој дел од Косово.

→ Туристичкиот регион на Анаморава, во однос на природните фактори, не е толку познат и значаен, но она што е различно во однос на другите туристички региони е разновниднииот растителен и животински свет и пристапот до природните средини.

Во областа на туризмот, во овој регион нема доволен број на вработени, нема соодветен професионален кадар, значајноста на туризмот не е толку признаена како во другите региони, условите за работа во туризмот не ги исполнуваат стандардите, а сепак има квалитетно претприемништво во секторот туризам и угостителство.

Финансиската состојба е на незавидно лошо ниво, нема инвестиции и капитал, слична е состојбата и со природните атрактори и нема доволно организирање на туристички тури. Традиционалната храна и љубезноста на локалното население се позитивна страна од аспект на културните атрактори, а потенцијалите на човечките атрактори во овој регион се многу мали.

Состојба е лоша и со угостителските капацитети како што се автокамповите или туристичките села, но таа е добра кај хотелите и ресторанените поради што се нуди квалитетно сместување и квалитетна храна. Превозот во овој регион е многу малку развиен, а единствена силна страна е градскиот превоз на патници. Во овој регион нема туристички водичи, нема информативни центри, здравствени услуги за туристи, но од друга страна, безбедноста и сигурноста на туристите и на највисоко ниво.

Заклучоците од истражувањето за секој туристички регион поединечно, претставуваат основа за прифаќање или неприфаќање на основната и посебните хипотези на овој труд.

Врз основа на спроведеното истражување и анализирање на резултатите може да се каже дека СЕ ПРИФАЌА основната хипотеза поради фактот дека токму примената на ФАС моделот навистина придонесе да се откријат, односно да се идентификуваат туристичките потенцијали на Косово како туристичка дестинација, особено од аспект на туристичките региони на оваа земја.

Примената на ФАС моделот помогна да се дознае каква е состојбата со факторите, атракторите и подршката на услуги во туризмот за секој туристички регион поединечно, но од друга страна се дозна и релевантноста на тие фактори, атрактори и

подршка на услуги, а во самото истражување може подетално да се види токму состојбата и релевантоста.

Откако се идентификуваа туристичките потенцијали на Косово, самиот процес на креирање на “туристичка мапа“ на оваа земја помага во овозможувањето на поголем пристап или значително олеснување спрема пристапувањето во меѓународните туристички пазари, па на тој начин сметаме дека СЕ ПРИФАЌА првата посебна хипотеза на овој труд.

Имено, преку откривањето на туристичките потенцијали, Косово како дестинација заедно со сите државни и локални институции имаат преглед врз тоа што сé претставува можност и потенцијал за развој, а од друга страна кои се проблемите кои госпречуваат развојот на туризмот во оваа земја. На тој начин само по себе се помага да се изнајдат решенија полесно да се пристапи на туристичките пазари.

Идентификувањето на туристичките потенцијали на Косово ќе помогне во решавањето на проблемите со кои се соочува туризмот во земјата, па затоа сметаме дека примената на ФАС моделот обезбедува подобри услови за живеење на локалното население, а тоа значи дека СЕ ПРИФАЌА и втората посебна или помошна хипотеза на овој труд.

Имено, локалното население е нераскинлив дел и многу важен фактор за развој на туризмот во една дестинација, па така откривањето на потенцијалите за развој на туризмот на Косово значи и вклучување на локалното население во туристичката понуда на земјата, а токму локалното население е главниот претставник на културно-историското наследство, “главен шеф“ на традиционалната кујна и домаќин во процесот на пречекување и испраќање на гостите и туристите од земјата или од странство.

Целокупната активност на локалното население, покрај другото, резултира со економски ефекти, а тоа пак значи зголемување на бројот на вработени во туризмот и угостителството, поголеми приходи за домаќинствата, зголемена потрошувачка од страна на гостите што придонесува спрема зголемено производство и услужување, тоа доведува до зголемување на националниот доход и на крај сето тоа создава подобри услови за живеење на населението во една земја (туристичка дестинација).

Секој турист патува надвор од своето место на постојано живеење заради одмор, рекреација, посета на свои роднини и пријатели, поради верски и слични причини и/или за откривање на нови народи и култури. Во моментот на пристигнување на туристите во одредена дестинација всушност се исполнила одредена потреба или одредено барање

или желба, но сето тоа ќе се реализира ако постојат туристичките ресурси поради кои патувале тие туристи.

Значи, во оној момент кога ќе се идентификува одреден туристички фактор, ресурс, атрактор или одредена услуга која помага или го поддржува развојот на туризмот, дури тогаш ќе се знае со какви потенцијали располага одредена земја (туристичка дестинација) и дали тие потенцијали или ресурси се доволни за задоволување на одредена потреба или желба, односно очекување на туристите.

Според тоа сметаме дека СЕ ПРИФАЌА третата посебна или помошна хипотеза на овој труд затоа што ФАС моделот помага да се откријат потребите на туристите, истовремено укажува кој туристички потенцијал каква потреба задоволува, па на тој начин да се преземаат мерки за развој на одреден вид на туризам кој исполнува одредена потреба или желба на туристот.

При прикажувањето на заклучоците од спроведеното истражување, може да се каже дека ФАС моделот ги пронајде проблемите и недостатоците кои се присутни на Косово како туристичка дестинација. Меѓутоа овој модел овозможи да се откријат и потенцијалите за развој на туризмот во ова земја. ФАС моделот треба да помогне во креирањето на нови стратегии и политики за развој и унапредување на туризмот, во оддржувањето на дестинацијата и креиање на нови можности за сите.

Според тоа сметаме дека СЕ ПРИФАЌА и последната посебна хипотеза затоа што навистина примената на ФАС моделот може да помогне во креирањето на стратегија за развој на туризмот во Косово. Всушност идентификувањето на потенцијалите и проблемите со кои се соочува туризмот во оваа земја е главна основа и “прв суровински материјал“ во процесот на креирање на стратегија за развој на туризмот, а таа стратегија понатаму може да биде составен дел од стратегијата за севкупен економски развој на земјата.

Сето тоа на крај треба го моделира влијанието на мерките и да ја креира архитектурата на партиципативните форми на туристичко управување или менаџирање. Со тоа учесниците може многу подобро да го разберат системот во кој оперираат и поради фактот што тоа значи оценување на ефектите на алтернативните политики и програми.

ФАС моделот треба да помогне во креирањето на нови стратегии и политики за развој и унапредување на туризмот на Косово како туристичка дестинација, во оддржувањето на дестинацијата и креирање на нови можности за сите.